РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД
Бр. Су-03 Бр 14/21
22.02 2021 год.
КОЧАНИ



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работа на Основен суд Кочани за 2020 година

### ВОВЕД

Основниот суд во Кочани согласно член 28 и член 31 од Законот за судовите (,,Сл.весник на РМ,, бр.58/06 од 11.5.2006 год.) спаѓа во групата на судови со проширена надлежност, и со својата надлежност покрај надлежноста што ја покрива како Основен суд-Кочани покрива и дел од надлежноста од територијата на Основните судови Берово, Делчево и Виница, определена според цитираните членови.

## 1. ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ

### ИЗВЕШТАЈ ЗА СТАТИСТИКА НА ПРЕДМЕТИ

### I. ОБЕМ НА РАБОТА

Целокупното работење на Основниот суд во Кочани во 2020 година е прикажано во сумарниот преглед од Годишниот табеларен извештај.

### Предметно работење на ниво на суд

| остаток на нерешени предмети од претходната годината | прилив на нови предмети | предмети повторно во работа | погрешно заведени | вкупно предмети во работа | решени предмети | останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2234 | 9386 | 103 | 5 | 11718 | 9231 | 2487 |

Од сумарниот преглед произлегува дека во почетокот на 2020 год. во Основниот суд во Кочани биле нерешени, односно имало заостаток на нерешени предмети од претходната година вкупно **2 234** предмети, новопримени се **9 386** предмети, повторно заведени предмети се **103**, погрешно заведени биле **5** предмети, со што во текот на годината вкупно во работа биле **11 718** предмети, од кои решени се **9 096** редовни предмети и **135** повторно заведени предмети, или вкупно **9 231** предмет, останале нерешени **2 432** редовни предмети **и 55** повторно заведени предмети, или вкупно **2 487** предмети, со што не е совладан приливот, а заостатокот е зголемен за **253** предмети.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД



Општиот коментар на сумарниот преглед на движење на предметите би бил дека Основиот суд Кочани во 2020 год. на ниво на суд не успеал да го совлада приливот на предметите за 155 предмети, и не успеал да го намали заостатокот, кој се зголемил за 253 предмети, додека на ниво на оддели (граѓански и кривичен) приливот не е совладан и заостатокот е зголемен во кривичниот оддел, додека во граѓанскиот оддел судот бил апсолутно ажурен, бидејќи приливот е совладан и заостатокот на предмети е намален.

Основна причина што во 2020 год. приливот во кривичната област за кривично полнолетни лица не е совладан и заостатокот е зголемен е фактот што оваа година од Основен суд Кочани двајца судии беа делегирани во други судови, од кои еден судија кој постапуваше во кривична област, па така наместо тројцата судии кои постапуваа во кривичната област - кривично полнолетни лица, во 2020 година постапуваа само двајца судии.

При ова треба да се потенцира и фактот дека во 2020 година судот работеше во вонредни услови поради општо познатата состојба со пандемијата од вирусот Ковид-19, па така, согласно мерките на Владата на Р.С.Македонија и препораките на Судскиот совет на Р.С.Македонија за спречување на ширење на виусот, околу 2-3 месеци се постапуваше само по итните предмети, а континуирано во текот на годината поради позитивни случаи и случаи на задолжителна изолација судот работеше со намален број на судии и судска администрација.

## II. АЖУРНОСТ НА СУДОТ

Ажурноста претставува навремено и целосно постапување по предметите, почитувајќи ги законските рокови, а при тоа секогаш имајќи го во предвид и начело за судење во разумен рок.

Поединечниот преглед по области и предмети, а врз основа на сумарниот преглед на движење на предметите е следниот:

### *А. КРИВИЧЕН ОДДЕЛ*

### *ВИД НА ПРЕДМЕТ: КРИВИЧНО ПОЛНОЛЕТНИ*

- Во 2020 год. вкупно имало 362 новопримени и 15 повторно заведени **кривично полнолетни предмети**, биле решени 264 редовни и 14 повторно заведени предмети, или просечно месечно се решавани по 26,5 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. останале нерешени 257 предмети, а на почетокот на годината заостаток бил 158 нерешени предмети, приливот не е совладан за 99 предмети, и во оваа област судот не бил ажурен.
- Во 2020 год. вкупно биле примени 1 659 **разни кривични предмети**, решени биле 1 662 предмети, или просечно месечно се решавани по 158,3 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. нема нерешени предмети може да се заклучи дека судот во оваа област е максимално ажурен.
- Во 2020 год. вкупно имало 230 новопримени и 5 повторно заведени предмети за **кривичен совет (во претходна постапка) и вон**

**главен претрес**, решени биле 264 редовни и 6 повторно заведени предмети, или просечно месечно се решавани по 25,7 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. останале нерешени 18 предмети а на почетокот на годината заостатокот бил 53 предмети, приливот е совлада за 35 предмети и може да се заклучи дека судот во оваа област е максимално ажурен.

- Во 2020 год. вкупно биле примени 28 новопримени **замолници во кривична област**, биле решени 21 предмет, или просечно месечно се решавани по 2 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. има останато 14 нерешени предмети, а на почетокот на годината заостатокот бил 7 предмети, може да се заклучи дека судот во оваа област е ажурен.

## ВИД НА ПРЕДМЕТ: КРИВИЧНИ МАЛОЛЕТНИ

- Во 2020 год. вкупно биле примени 23 **кривично малолетни предмети**, биле решени 33 предмети, или просечно месечно се решавани по 3,1 предмет. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. останале нерешени 25 предмети, а на почетокот на 2020 година имало заостаток од 35 предмети, приливот е совладан за 10 предмети, и може да се заклучи дека во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2020 год. вкупно биле примени 2 **разни кривични предмети за малолетници**, бил решен 1 предмет, или просечно месечно се решавани по 0,09 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. има заостаток од 3 предмети, еден повеќе од заостатокот на почетокот на година, може да се заклучи дека во оваа област судот бил ажурен.

- Во 2020 год. вкупно биле примени 2 предмети за **кривичен совет за малолетници** и истите биле решени, или просечно месечно се решавани по 0,2 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. нема нерешени предмети и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

## ВИД НА ПРЕДМЕТ: ДЕЈСТВИЈА ВО ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА

- Во 2020 год. вкупно биле примени 144 предмети **определени дејствија во претходна постапка-кривично**, биле решени 147, или просечно месечно се решавани 14 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. има 1 нерешен предмет, 3 предмети помалку од заостатокот на крајот на 2019 год., во оваа област судот покажал максимална ажурност.

## ВИД НА ПРЕДМЕТ: ОЦЕНА НА ОБВИНИТЕЛЕН АКТ

- Во 2020 год. вкупно биле примени 39 предмети од **оцена на обвинителен акт во кривично**, биле решени 36 предмети, или просечно месечно се решавани по 3,4 предмети. Имајќи во предвид дека

на крајот на 2020 год. останале нерешени 6 предмети, 3 предмет повеќе од заостатокот на претходната година, во оваа област судот покажал ажурност.

**ВИД НА ПРЕДМЕТ: ПРЕКРШОЦИ**

- Во 2020 год. имало 892 новопримени и 14 повторно заведени **прекршочни предмети**, биле решени 720 редовни и 17 повторно заведени предмети, или просечно месечно се решавани по 70,2 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. останале нерешени 1 092 предмети приливот не е совладан во однос на минатата година за 183 предмети.

- Во 2020 год. вкупно биле примени 239 **разни прекршочни предмети**, биле решени 238 предмети, или просечно месечно се решавани по 22,7 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. има 1 нерешен предмет и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2020 год. вкупно бил примен 1 предмети за **кривичен совет за прекршоци** и истиот бил решен, или просечно месечно се решавани по 0,09 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. нема нерешени предмети и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

**ВИД НА ПРЕДМЕТ: ИЗВРШУВАЊЕ(САНКЦИИ)**

- Во 2020 год. вкупно биле примени 659 предмети од **извршување на кривични санкции**, биле решени 623 предмети, или просечно месечно се решавани 59,3 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. останале нерешени 198 предмети, приливот во однос на претходната година не е совладан за 36 предмети, и во оваа област судот покажал ажурност.

- Во 2020 год. вкупно биле примени 579 предмети од **извршување на прекршочни санкции**, биле решени 497 предмети, или просечно месечно се решавани 47,3 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. останале нерешени 213 предмети, а на почетокот на годината имало 131 нерешени предмети, приливот во однос на претходната година не е совладан за 82 премети и во оваа област судот покажал ажурност.

***Б. ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ***

**ВИД НА ПРЕДМЕТ-ГРАЃАНСКИ**

Во граѓанската област приливот е совладан и заостатокот е намален што се должи на тоа што во оваа област постапуваат во континуитет тројца судии и приливот во оваа област во 2020 година не отскокнуваше од вообичаениот прилив од претходните години, па во оваа

област судот бил ажурен.

- Во 2020 год. имало 165 новопримени предмети и 7 повторно заведени предмети од **спорови од мала вредност,** биле решени 197 редовни и 10 повторно заведени предмети, или просечно месечно се решавани 19,7 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. останале нерешени 92 предмети, а на почетокот на годината имало нерешени 127 предмети, приливот е совладан за 35 предмети во однос на претходната година и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2020 год. имало 37 новопримени и 1 повторно заведен предмет од **имотни спорови,** биле решени 38 редовни и 6 повторно заведени предмети, или просечно месечно се решавани 4,2 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. останале нерешени 31 предмет приливот е совладан за 6 предмети во однос на претходната година, и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2020 год. имало 83 новопримени и 2 повторно заведени предмети од **семејни спорови** , биле решени 81 редовен и 1 повторно заведен предмет, или просечно месечно се решавани по 7,8 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. останале нерешени 41 предмет, 3 предмети повеќе од заостатокот на почетокот на 2020 год., може да се заклучи дека судот во оваа област е релативно ажурен.

- Во 2020 год. имало 138 новопримени предмети и 13 повторно заведени предмети од **работните спорови,** биле решени 169 редовни и 16 повторно заведени предмети, или просечно месечно се решавани 17,6 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. останале нерешени 69 предмети, а на почетокот на 2020 год. имало заостаток од 98 предмети, со што приливот е совладан за 29 предмети, и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2020 год. имало 29 новопримени и 8 повторно заведени предмети од **облигациони спорови,** биле решени 20 редовни и 15 повторно заведени предмети, или просечно месечно се решавани по 3,3 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. останале нерешени 32 предмети приливот не е совладан во однос на претходната година за 2 предмети и во оваа област судот е релативно ажурен.

- Во 2020 год. имало 23 новопримени и 8 повторно заведени предмети од **трговски спорови,** биле решени 27 редовни и 9 повторно заведени предмети, или просечно месечно се решавани по 3,4 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. останале нерешени 19 предмети приливот во однос на претходната година е совладан за 5 предмети, и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2020 год. имало 98 новопримени и 12 повторно заведени предмети од **платни налози по приговор.** Биле решени 91 редовни и 14 повторно заведени предмети, или просечно месечно се решавани 10 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. останале нерешени 64 предмет, приливот не е совладан за 5 предмети, и во оваа област судот покажал релативна ажурност.

- Во 2020 год. имало 20 новопримени предмети од **стечај,** биле

решени 18 редовни предмети, или просечно месечно се решавани по 1,7 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. останале нерешени 3 предмет приливот не е совладан за 2 предмети во однос на претходната година, и во област судот покажал ажурност во работењето.

- Во 2020 год. вкупно биле примени 2 предмети по **платен налог по жалби** и биле решени 2 предмети, или просечно месечно се решавани по 0,2 предмети, нема заостаток на нерешени предмети, со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2020 год. имало 1 новопримен и 1 повторно заведен предмет од **повторување на постапката во парнично**, бил решен 1 редовен предмет, или просечно месечно се решавани по 0,09 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. нема нерешени предмети во оваа област судот покажал максимална ажурност.

**ВИД НА ПРЕДМЕТ: ВОНПАРНИЧНИ**

- Во 2020 год. имало 9 новопримени предмети **физичка делба**, биле решени 5 новопримени предмети, или просечно месечно се решавани по 0,5 предмет. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. останале нерешени 11 предмети, приливот не е совладан за 4 предмети во однос на заостатокот на предмети на почетокот на 2020 год., со што и во оваа област судот покажал ажурност во работењето.

- Во 2020 г. вкупно биле примени 57 новопримени и 8 поворторно заведени **вонпарнични предмети**,а биле решени 112 редовни и 13 повторно заведени предмети или просечно месечно се решавани по 11,9 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 г. останале нерешени 54 предмети, приливот е совладан за 60 предмети и во оваа област судот покажал максимална ажурност .

- Во 2020 год. вкупно биле примени 10 новопримени **замолници** од кои решени се 9 предмети, или просечно месечно се решавани по 0,8 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. останале нерешени 2 предмети, еден повеќе во однос на заостатокот од 2019 год. и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2020 год. вкупно биле примени 1 386 новопримени и 7 повторно заведени **заверки**, биле решени 1 380 редовни и 7 повторно заведени предмети, или просечно месечно се решавани по 132,1 предмет. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. останале нерешени 9 предмети приливот не е совладан за 7 предмети во однос на претходната година, со што и во оваа област судот покажал ажурност во работењето.

- Во 2020 год. вкупно биле примени 1 предмет **оставини по приговор** и истиот бил решен, или просечно месечно се решавани по 0,09 предмети, и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

**ВИД НА ПРЕДМЕТ: ИЗВРШУВАЊЕ**

- Во 2020 год. вкупно биле примени 49 новопримени и 2 повторно

заведени предмети од **приговори против неправилности во извршувањето (ППНИ),** биле решени 49 редовни и 7 повторно заведени предмети, или просечно месечно се решавани 5,3 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2020 год. нема нерешени предмети и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2020 год. вкупно биле примени 13 новопримени предмети од **извршување по закон за семејството**, решени се 14 предмет, нема заостаток на крајот на годината, со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

-Во 2020 год. вкупно биле примени 2 новопримени предмети **против извршување**, решен е 1 предмет, има 1 предмет заостаток на крајот на годината, со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

## ВИД НА ПРЕДМЕТ: ЕВИДЕНЦИИ ВО СУДСКА УПРАВА

-Во 2020 год. вкупно биле примени 2 116 **предмети од судска управа**, решени се 2 110 предмети, има 6 нерешени предмети на крајот на 2020 год., со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2020 год. вкупно биле примени 2 **строго доверливи предмети во судска управа** и истите се решени.

## ВИД НА ПРЕДМЕТ: ПРЕСТАВКИ И ПОПЛАКИ

-Во 2020 год. вкупно биле примени 24 **предмети од слободен пристап до информации,** решени се 23 предмети, останал нерешен 1 предмет, со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

-Во 2020 год. вкупно биле примени 13 **предмети од евиденција на преставки и поплаки,** решени се 9 предмети, останале нерешени 2 предмети, со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

## III. КВАЛИТЕТ НА РАБОТАТА

Квалитетот на работата во Основен суд-Кочани е прикажан во годишните табели за квалитетот на решени предмети и годишни табели за квалитет на донесени пресуди.

## КРИВИЧНА ОБЛАСТ

Во текот на 2020 год. вратени од по жалба **кривични предмети спрема полнолетни лица** има 70 предмети од кои 48 се потврдени или 68,6 %, 10 предмети се преиначени или 14,3%, и 12 предмети се укинати или 17,1%.

Во текот на 2020 год. вратен од по жалба е 1 предмет **определени**

**дејствија во претходна постапка-кривично** и истиот е укинат, или 100%.

Во текот на 2020 година биле вратени од по жалба 49 предмети **за кривичен совет (во претходна постапка ) вон главен претрес** од кои 44 се потврдени или 89,8%, 2 предмети се преиначени или 4,1%, 3 предмети се укинати или 6,1%.

Во текот на 2020 год. вратени од по жалба **кривични предмети спрема малолетни лица** има 2 предмети од кои 1 е потврден или 50% и 1 е преиначен или 50%.

Од **прекршочните предмети** во текот на 2020 година биле вратени од жалба вкупно 46 предмети со следниот квалитет: потврдени биле 31 предмети или 67,4%, 1 предмет бил преиначен или 2,2%, и 14 предмети се укинати или 30,4%.

## ГРАЃАНСКА ОБЛАСТ

Во текот на 2020 година има 20 предмети од **имотни спорови** вратени од по жалба од кои 19 се потврдени или 95%, и 1 предмет е укинат или 5%.

Во текот на 2020 година вратени од по жалба се 22 предмет **облигациони спорови** од кои 15 се потврдени или 68,2%, 2 предмети се преиначени или 9,1%, и 5 предмети се укинати или 22,7%.

Вратени од по жалба во текот на 2020 година има 13 **семејни спорови** од кои 10 се потврдени или 76,9%, 1 предмет е преиначен или 7,7% , и 2 предмети се укинати или 15,4% .

Во текот на 2020 година вратени од по жалба има 52 предмети **парнични мала вредност** од кои 41 се потврдени или 78,8%, 5 предмети се преиначени или 9,6%, и 6 предмети се укинати или 11,5%.

Во текот на 2019 година биле вратени од по жалба 89 предмети од **работни спорови** од кои 73 се потврдени или 82%, 3 предмети се преиначени или 3,4%, и 13 предмети се укинати или 14,6%.

Во текот на 2020 година вратени од по жалба биле 4 предмети-**повторување на постапката во парнично** од кои 3 се потврдени или 75%, и 1 предмет е укинат или 25%.

Во текот на 2020 година вратени од по жалба биле 16 предмети-**трговски спорови** од кои 14 се потврдени или 87,5%, 2 предмети се преиначени или 12,5%.

Во текот на 2020 година биле вратени од по жалба 43 предмети-**платни налози по приговор** од кои 31 се потврдени или 72,1%, и 12 предмети се укинати или 27,9%.

Во текот на 2020 година има вратено од по жалба 27 предмети-**приговори против неправилности при извршувањето** од кои 24 се потврдени или 88,9%, 1 предмет е преиначен или 3,7%, и 2 предмети се укинати или 7,4% .

Во текот на 2020 година има 2 предмети **физичка делба** кои се вратени од по жалба и истите се потврдени или 100%.

Во текот на 2020 година биле вратени од по жалба 52 **вонпарнични предмети** од кои 45 се потврдени или 86,5%, и 7 предмети се укинати или 13,5%.

Во текот на 2020 година има вратени од по жалба 3 предмети од **извршување по закон за семејството** и истите се потврдени или 100%.

## 2. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И СИСТЕМАТИЗАЦИЈА, ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ВРАБОТУВАЊА

Согласно Правилникот внатрешна организација и систематизација на работните места на Основен суд Кочани во овој суд се предвидени 88 работни места, од кои заклучно со 31.12.2020 година има вработено вкупно 42 судски службеници според Законот за судска служба, 3 вработени по Законот за работни односи.

За 2020 година беа предвидени две нови вработувања на работно место ,,помлад судски референт-доставувач,, и истите се реализирани до крајот на 2020 година, како и едно унапредување преку интерен оглас за работно место ,,информатичар,, од звање ,,судски советник,, унапредел во звање ,,раководител на одделение за информатика,, кое исто така беше реализирано.

Како и претходните години така и во 2020 година не е добиена согласност за пополнување на испразнетите работни места по основ на пензионирање и по други основи за престанок на работен однос, па во континуитет вака испразнетите работни места се пополнуваат со прераспределување на постојните човечки ресурси а со тоа и оваа година судот работеше со потешкотии заради недостаток пред се на судски референти-дактилографи, па во определени случаи еден вработен во исто време извршува и по две работни задачи, виш судски референ-извршител на писарница и судски референт-дактилограф.

Согласно одлуката на Судскиот Совет на Р.С.Македонија за Основен суд Кочани е предвидено да постапуваат и судиската функција да ја извршуваат 10 судии, меѓутоа со години наназад пополнети се само 9 вакви места, а во текот на 2020 годината, како впрочем и повеќе години наназад, фактички постапуваат 7 судии, бидејќи редовно по двајца судии се делегираат во други судови.

Со овој број на судии значително е отежнато изготвувањето на Годишниот распоред за работа на судиите, особено во формирањето на

советите од тројца судии, па често се јавува потреба од изземања во кривичните предмети поради законски пречки определен судија да постапува во некој предмет, проблеми околу назначување на втор судија во судечки совет од 5 члена, а со тоа и честа потреба да се бара делегирање на судии од други судови во Кривичниот Совет.

Судиите и судската служба имаат посетувано обуки организирани од Академијата за судии и јавни обвинители така што ги имаат исполнето потребните часови на задолжителна обука која треба во текот на годината да се реализира преку Академијата за судии и јавни обвинители, се разбира редуцирано и претежно on line, поради познатата состјба со епидемијата од КОВИД 19.

## ПРОЦЕНКА НА БЕЗБЕДНОСНАТА СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ, СТРАНКИТЕ, ПРЕДМЕТИТЕ И ОПРЕМЕНОСТА НА СУДОТ

Општа проценка е дека во Основен суд Кочани безбедносната состојба на вработените, странките, предметите и опремата на судот е на високо ниво.

Обезбедувањето во судската зграда, вработените и странките, како и предметите и опремата го вршат 9 (девет) припадници на судска полиција, 8 (осум) полицајци и 1(еден) командир на судска полиција и со месечните распореди за работа кои ги донесува командирот на судската полиција е обезбеден 24 часовен надзор на судската зграда и просторот околу истата.

- Во зградата има вградено алармни системи ДСЦ за кражба, аларм систем против пожар со автоматска дојава на пожар со сензорска детекција. Алармите се активни 24 часа а исклучувањето и вклучувањето е со внесување на шифри. На секој спрат во зградата има вградено по 2 противпожарни хидранти.

- Тивок аларм во судници бр. 1 и 2 кој се вклучува со допир на копче а дисплејот од алармите е исталиран во пријавница кај судска полиција.

- Судската зграда надворешно е осветлена со 4 рефлектори а дворната површина е заградена со бетонски зид и метална ограда во висина од околу 2 метра и има две капии со клизачи врати.

- Од вооружување и опрема има 6 пиштоли марка чз со различен калибар од застарени модели, 6 палици, 6 лисици, 6 опасачи, 1 панцир и 1 шлем.

- Метал детектор ПИНПОИНТ ПД 6500 И статичен 1број, Рачни метал детектори 4 броја,од кои 3 броја марка ГАРЕТТ СУПЕР ВАНД и 1 број марка СУПЕР ОМНИ

- Видео надзор со 8 камери поставени 6 внатрешни и 2 надворешни, видеорекордер марка HIKVISION DS-722xx верзија, серија1.2.2. Видеорекордерот и мониторот се исталирани во Пријавница кај судска полиција.

Во текот на 2020 год. поради неисправност беше извршена замена на 2 надворешни камери кои се наоѓаат на влезовите во судската зграда и неисправните камери се заменети со нови компактни модели на камери соодветни на видео рекордерот и тоа марка HIKVISION DS-2CE16COT-VFIR3F ОБЈЕКТИВ 2.8-12 мм. 720 пиксели.

Исто така поради неисправност во 2020 година беше извршена замена на надворешното осветлување на судската зграда и 4 неисправни рефлектори беа заменети со нови, а поради неисправност старите ПП апарати исто така беа заменети со нови.

## *3. ИЗВЕШТАЈ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКА ПРАКСА*

Заради усогласуввање на судската пракса од страна на граѓанскиот и кривичниот оддел на Основен суд Кочани редовно се одржувани состаноци во врска со поставување на правни прашања до Апелационен суд Штип.

Исто така заради усогласување на судската пракса и за да се спречи укинување на предмети од исти причини кај различни судии поради повреда на материјалното и процесното право, по сите предмети по кои повисоките судови имаат донесено одлуки со кои се укинува или преиначува првостепената одлука на мрежата на судот овие одлуки беа скенирани и до нив имаа пристап сите судии, со што се овозможува да имаат увид во истите и во иднина да не се прават повреди на материјалното и процесното право.

Заради усогласување на судската пракса со одлука беше определено лице од редот на стручните соработници кое е задолжено да врши прибирање на специфични првостепени и второстепени одлуки кои дополнително ќе бидат собрани во еден зборник - судски практикум, кој ќе им биде достапен на сите судии.

Од редот на стручните соработници исто така беше определено и задолжено лице за следење на објавените одлуки на Европскиот суд за човковите права, кои одлуки се ставани на мрежата на судот и истите се направени достапни за сите судии.

## 4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

1.Службено лице задолжено за посредување на информации кај имателот на информации-Основен суд Кочани е Катерина Фудулски, судски соработник во Основен суд Кочани.

2.Број на примени барања - 24 :

- Барател: Коалиција на здруженија на граѓани ,,Сите за правично судење,, Скопје – податок: Список на активни кривични предмети по референтен број поврзани со криминал од омраза што се водат по Законот за кривична постапка.

- Барател: Коалиција на здруженија на граѓани ,,Сите за правично судење,, Скопје – податок: Список на активни кривични предмети по референтен број поврзани со семејно насилство што се водат по Законот за кривична постапка.

- Барател: Здружение за еднакви права и можности ,,Жените во економијата,, Штип – податок: - Број на поднесени тужби во Основен суд Кочани по основ мобинг на работно место за периодот од 2016 до 2019 година, за секоја година одделно. -Број на пресуди од Основен суд Кочани за предмети по основ на мобинг на работно место, за периодот од 2016 до 2019 година, за секоја година одделно, -Број на пресуди од Основен суд Кочани за предмети кои се однесуваат на мобинг на работно место, во кои е утврдено дека жртвата на мобинг било лице од женски пол, за периодот од 2016 до 2019 година, за секоја година одделно.

- Барател: Македонско здружение на млади правници – податок: Вкупен број на кривични предмети по кои постапувал судот во периодот од 01.01.2009 до 31.12.2019 по кривично дело трговија со луѓе од член 418-а и Трговија со дете од член 418-г од КЗ поделени по години, статус(решен/во постапка) и Анонимизирана верзија од донесените пресуди по овие предмети. -Вкупен број на граѓански предмети по кои постапувал судот во периодот од 01.01.2009 до 31.12.2019 по основ надомест на штета предизвикана од кривично дело Трговија со луѓе од член 418-а и Трговија со дете од член 418-г од КЗ поделени по години, статус(решен/во постапка) и Анонимизирана верзија од донесените пресуди по овие предмети.

- Барател: Граѓанска Асоцијација за Развој на Демократските Институции МОСТ Скопје - податок: -Вкупен број на предмети, број на предмети со правосилна осудителна пресуда, како и фотокопија или електронски запис од правосилните осудителни пресуди поврзани со кривичните дела според член 162, чл.165-а, чл.165-в, чл.158, чл.160, чл.161, чл.163, чл.164 и чл.165 од Кривичниот законик, - Вкупен број на решенија, како и фотокопија или електронски запис од решенијата за изрекување прекршочна санкција поврзани со сторен прекршок според член 179 ст.1 в.в. чл.8-а, чл.180 ст.1 в.в. со чл.72, 189 ст.1 в.в. чл.83, чл.189 ст.1 в.в чл.85, чл.189 ст.4 в.в чл.84-б, чл.190 ст.2 в.в. чл.106 и чл.191 ст.1 в.в чл.102,103,111 и 112 од Изборниот законик, -Вкупен број на решенија, како и фотокопија или електронски запис од решенијата за изрекување прекршочна санкција поврзани со сторен прекршок според член 60 ст.2 и 3 в.в. чл.11 и чл.60 ст.2 и 3 в.в.чл.13 од Законот за спречување на корупцијата, -Вкупен број на решенија, како и фотокопија или електронски запис од решенијата за изрекување прекршочна санкција поврзани со сторен прекршок според член 28 ст.2 и 3 в.в.чл16 ст.2 и 3 и член 29 ст.2 в.в. чл.25,26 ст.3, 27, и 27-а од Законот за финансирање на политичките партии.

- Барател: Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија - податок: --Бројот на примени тужби за заштита од дискриминација, расчленето по облик, основ и област каде е сторена дискриминацијата, -Бројот на одлуки со кои е утврдена дискриминација, -Бројот на одлуки со кои не е утврдена дискриминација, а кои се однесуваат на 2019 година.

- Барател: Коалиција на здруженија на граѓани ,,Сите за правично судење,, Скопје - податок: -Дали во судот се вработени лица со инвалидитет односно попречености и на која работна позиција се распределени истите? -Дали во судот има вработено лице одговорно за комуникација со граѓани кои имаат некаков вид и степен на попреченост? -Дали судот има вработени лица како сертифицирани толкувачи? -Дали судот има обезбедено пристап до документи и списи на браилово писмо? -Дали во судот во однос на физичката пристапност постојат пристапни рампи за лицата со попреченост, функционални лифтови во внатрешноста на судовите, ознаки на браилово писмо на лицата со оштетен вид и приспособени тоалети за лицата со попречености?

- Барател: Коалиција на здруженија на граѓани ,,Сите за правично судење Скопје - податок: -.Колку предлози за изрекување на казнен налог се поднесени до Основен суд Кочани за член 205 и 206 од КЗ, во врска со КОВИД-19 вирусот од 07.04.2020 до 07.06.2020 година? -.Колку пресуди за изрекување на казнен налог по член 205 и 206 од КЗ има донесено Основен суд Кочани во врска со КОВИД-19 вирусот од 07.04.2020 до 07.06.2020 година? -.Колкава е висината на изречените казни? -.Колку приговори се поднесени до Основен суд Кочани за член 205 и 206 од КЗ во врска со КОВИД-19 вирусот од 07.04.2020 до 07.06.2020 година?

- Барател: Физичко лице - податок: Фотокопија од Пресуда од кривичен предмет К.бр.3/20.

- Барател: Коалиција на здруженија на граѓани ,,Сите за правично судење Скопје - податок: -Број на кривични предмети по чл.319 од КЗ, поврзани со предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз основа на сексуална ориентација или родов идентитет во 2019 и 2020 година.

- Барател: Адвокат од Скопје - податок: -Против колку граѓани се поднесени обвиненија по член 215 од КЗ за количини на канабис под 50 грама за период од 2010 до 2019 година? -Колку од тие обвиненија завршиле со правосилни кривични пресуди каде граѓаните се огласени за виновни.

- Барател: Коалиција на здруженија на граѓани ,,Сите за правично судење Скопје - податок: -Колку пати мерката притвор е изречена поради опасност од бегство во периодот од 18.03.2020 година до 22.06.2020 година.

- Барател: Коалиција на здруженија на граѓани ,,Сите за правично судење,, Скопје - податок: -Колку рочишта биле одржани а колку биле одложени во време на КОВИД-19(од 17.03.2020 до 22.06.2020 година) од граѓанска област? -.Колку рочишта биле одржани а колку биле одложени

во време на КОВИД-19(од 17.03.2020 до 22.06.2020 година) од кривична област?

- Барател: Коалиција на здруженија на граѓани ,,Сите за правично судење,, Скопје - податок: - Список на активни кривични предмети по референтен број поврзани со криминал од омраза што се водат по Законот за кривична постапка. -Список на активни кривични предмети по референтен број поврзани со семејно насилство што се водат по Законот за кривична постапка.

- Барател: Коалиција на здруженија на граѓани ,,Сите за правично судење,, Скопје - податок: -.Број на поднесени предлози за определување на мерката притвор во периодот од 2015 до 2020 година -Број на одобрени предлози за определување на мерката притвор во периодот од 2015 до 2020 година - Број на одбиени предлози за определување на мерката притвор во периодот од 2015 до 2020 година.-Број на предмети каде е определен краткотраен притвор во периодот од 2015 до 2020 година.

- Барател: Коалиција на здруженија на граѓани ,,Сите за правично судење,, Скопје - податок: -Колку судски предмети се воделе пред Основен суд Кочани по чл.300 ст.4 од КЗ во последните 3 години?

- Барател: Коалиција на здруженија на граѓани ,,Сите за правично судење,, Скопје - податок: -На кој начин се ангажираат толкувачи на знаковен јазик во Основен суд Кочани за потребите на постапките односно предметите кои се водат пред истиот и дали судот може да обезбеди толкувач веднаш доколку се јави потреба во една постапка, или за нивното присуство потребно е известување од неколку денови пред закажаното рочиште во постапките?

- Барател: Хелсиншки комитет за човекови права Скопје - податок: -.Колку лица се осудени за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори (член 215 ст.1, ст.2 и ст.3 од КЗ) за период од 5 години, односно од октомври 2015 година до октомври 2020 година? -Колку лица се осудени за овозможување на уптреба на наркотични дроги (член 216 од КЗ) за период од октомври 2015 година до октомври 2020 година. -Колку од осудените лица во овој период се осудени за неовластено производство и пуштање во промет на канабис? -Колку од осудените лица во овој период се осудени за овозможување на употреба на канабис?

- Барател: Хелсиншки комитет за човекови права Скопје - податок: - Колку лица се правосилно осудени за оддавање на уживање на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (член 20 од Законот за прекршоци против јавен ред и мир) за период од 5 години, односно од октомври 2015 година до октомври 2020 година? -.Колку прекршочни постапки во моментов се во тек за оддавање на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (член 20 од Законот за прекршоци против јавен ред и мир)?

- Барател: Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје - податок: -.Вкупен број на примени предмети за дискриминација

до судот во последните 5 години(01.01.2015 до 30.06.2020).-.Вкупен број на решени предмети за дискриминација во последните 5 години(01.01.2015 до 30.06.2020) -За секој решен предмет да се наведе посебно судскиот архивски број, -.Дали се води посебен регистар/статистика за основите(раса, боја на кожа, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група итн.) на дискриминација врз основа на кој се бара заштита пред судот.

- Барател: Коалиција на здруженија на граѓани ,,Сите за правично судење,, Скопје - податок: -.Колку вкупно кривични предмети се заведени во Основен суд Кочани во текот на 2019 година? -.Колку кривични предмети се заведени во Основен суд Кочани за периодот од 01.01.2020 година до 31.10.2020 година? -Колку решенија за назначување на бранител по службена должност има донесено во Основен суд Кочани во 2019 година? -Колку решенија за назначување на бранител по службена должност има донесено во Основен суд Кочани за периодот од 01.01.2020 година до 31.10.2020 година? -.Колку адвокати се запишани по службена должност во Основен суд Кочани за 2019 година и 2020 година?

- Барател: Коалиција на здруженија на граѓани ,,Сите за правично судење,, Скопје - податок: -Вкупен број на предлози за изрекување на времена мерка за заштита-отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, кои се поднесени од страна на МВР до Основен суд Кочани за временскиот период од 01.01.2018-31.10.2020 година?

- Барател: Физичко лице - податок: -Дали и колку предмети се водат и/или се воделе пред судот поврзани со убиства на жени во Република Северна Македонија во период од 1991 година до 2020 година; -.Дали сторителите на убуства се мажи; -.Дали убиствата се случени во кругот на семејството на жртвата.

- Барател: Новинар-Алсат-М-ТВ –податок: -Колку разводи се побарани во 2019 година, а колку од нив веќе се разведени? - Колку разводи се побарани меѓу 01.01.2020 и 21.03.2020 година а колку од нив веќе се разведени? -Колку разводи се побарани од 22.03.2020 година до денес, а колку од нив веќе се разведени?

3. Број на позитивно одговорени барања - 24;

4.Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбино или отфрлено барање - нема;

5. Број на неодговорени барања-нема,

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки(решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација) - нема;

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата - нема;

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата - нема;

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање -нема;

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање - нема;

- Во Основен суд Кочани **тековно и ажурно** се врши објава на судски одлуки на web страната на судот согласно роковите предвидени со позитивните законски регулативи и Судскиот деловник за работа на судовите.
- Во текот на 2020 година на web страната на судот анонимизирани и објавени се вкупно **957 одлуки**.
- Проблемите кои повремено се јавуваат при публикување на одлуките се од техничка природа, за што веднаш се превземаат мерки за надминување на истите.
- Во текот на 2020 година на web страната на судот е објавено едно Соопштение за јавност во врска со работата на Основен суд Кочани во услови на вонредна состојба заради пандемија од вирус и едно соопштение за отворени денови по повод Европскиот ден на правдата.
- На web страната на судот редовно се објавуваат и сите извештаи за работа на судот.

## 5. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

- Во Основен суд Кочани се води исклучиво електронска евиденција на судски предмети и се спроведуваат сите постапки предвидени со Законот за управување со движење на предметите во судовите.
- До 01.07.2019 год. е вршено тонско снимање на граѓански рочишта, согласно утврден распоред за користење на една судница која е опремена за вршење на тонско снимање, од кога не се врши тонско снимање поради тоа што софтверот функционира на компјутер со инсталиран WINDOWS XP оперативен систем но има проблем при снимањето на тонски и пишани записи од SRS FEMIDA на надворешен медиум односно CD , и за овој проблем повеќе пати е информирано.
- Се врши електронска достава на судски акти преку Систем за електронска достава на судски документи до сите правни и физички лица кои се корисници на Систем за електронска достава.
- Обезбеден е интернет пристап за корисниците заради електронска комуникација со институции
- Тековно и ажурно се врши објава на судски одлуки на web страната на судот.
- Се врши одржување на постојните хардверски и софтверски системи
- Се врши back up на податоци согласно утврдени процедури.
- Се вршат интервенции во случај на настанати проблеми во врска со хардверски или софтверски компоненти

- Се врши скенирање на поднесоци преку Модулот за скенирање и електронски прием на скенирани поднесоци во АКМИС.

- ИКТ опремата во Основен суд Кочани делумно ги задоволува тековните потреби. И покрај извршените набавки на компјутерска опрема, во употреба се и хардверски компоненти се веќе амортизирани и со карактеристики кои не ги задоволуваат потребите за брзо и ефикасно завршување на тековните активности.

- Основен суд Кочани има во употреба три софтверски апликации и тоа: Автоматизиран компјутерски систем за движење на судски предмети – АКМИС, Автоматизиран буџетски менаџмент систем – АБМС, и Систем за тонско снимање на граѓански рочишта кој е инсталиран во една судница – SRS FEMIDA.

- Во текот на 2020 година е извршена адаптација на серверска просторија во Основен суд Кочани

За истата спроведена е постапка од мала вредност со објавување на оглас бр 10030/2020 од 09.07.2020 на ЕСЈН, која постапка се спроведуваше во електронска форма. Вкупната цена (договорена вредност) на овој договор изнесува 599.779,00 денари со ДДВ.

- На 18.01.2020 година од страна на СиТ Македонија извршена е замена на Check point уред во гарантен рок во Основен суд Кочани согласно Договор бр.02-232/20 од 23.09.2020 год.

**ВООЧЕНИ ПРОБЛЕМИ**

Во Основен суд Кочани има технички проблем со Системот за тонско снимање SRS FEMIDA. Имено, софтверот функционира на компјутер со инсталиран WINDOWS XP оперативен систем, но има проблем при снимањето на тонски и пишани записи од SRS FEMIDA на надворешен медиум односно CD. По доставените известувања за настанатите технички проблеми, имаше интервенција и сервисирање од страна на надлежна техничка екипа, но проблемот не се реши. Заради претходно наведеното од тонски снимените граѓански рочишта на присутните странки на рочишта им се доставуваа писмени записници наместо CD – иња.

Согласно наведеното, неопходно е да се изврши набавка на целосно нова опрема за аудио снимање во судници која би ги опфатила потребните хардверски и софтверски компоненти (SRS Femida 4A 4ADigital Court recording software, 4 channels audio recording), со што би се надминал и проблемот со употреба на PC со инсталиран Windows XP оперативен систем во судницата во која е предвидено да се врши тонско снимање на граѓански рочишта.

Во Основен суд Кочани во употреба се компјутери кои работат на WINDOWS XP оперативен систем и на кои согласно процедурите има инсталирано програм за антивирусна заштита – KASPERSKI. KASPERSKI за WINDOWS XP нудеше надградба до месец август 2020 год., што значи дека сегашната употреба на компјутери со инсталиран WINDOWS XP оперативен систем е крајно ризична.

Овој проблем се очекува да биде надминат со набавка на дополнителна информатичка опрема за која ќе биде спроведена јавана

набавка во месец март 2021 година во износ од 520.000,00 денари.

Меморискиот простор за зачувување на податоците на серверите во Основен суд Кочани е со недоволен капацитет и неопходно е надградба на истиот, но сметам дека овој проблем ќе биде надминат со набавката на нови сервери во текот на 2021 година.

## 6. *ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ*

Во Основниот суд Кочани има три судници од кои во едната се одржува расправа по граѓански предмети а другите две се користат за одржување на претреси од кривичната област. Поради немањето на доволен број на судници најголем дел од судењата особено по граѓанските предмети се одржуваат во канцелариите на судиите.

Значително олеснување претставува функционирањето на шалтерскиот систем меѓутоа сеуште просторните услови во судот не задоволуваат, нема посебна просторија дактило биро за записничарите, нема посебна просторија за адвокати.

Во овој дел понатаму останува проблемот што во истата зграда е сместено и Основното јавно обвинителство и Државното Правобранителство кои заземаат влијателен дел од просториите.

За вршење на работа во судот има обезбедено информатичка опрема компјутери, печатари и истите се користат оптимално. Во најголем дел просториите се климатизирани.

Во текот на 2020 година беа превземани повеќе активности во насока на подобрување на опременоста и функционалноста на судот па така од задната страна на судска зграда беше прилагоден поголем паркинг простор со што се реши повеќегодишниот проблем за паркинг како на возилата на вработените така и за странките, направени се соодветни адаптации на санитарните јазли со минимални вложувања, во дворот од судската зграда поставена е монтажна настершница заради заштита на службеното возило, а особено значајно е што во шалтерскиот дел беше поставен терминал за наплата на судските такси за уверенија и потврди на странките.

**ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ**

- Заради подобрување на состојбата со опременост и одржување на зградата на судот нужно потребно е одобрување на финсиски средства за средување на подрумските простории на зградата каде се чуваат архивираните предмети и одземани предмети, бидејќи поради постоење на влага, недоволен број на рафтови и плакари, архивираните предмети се подложни на уништување и се јавува проблем од недоволен соодветен простор за новите предмети што треба да се архивираат.

- Поради старост потребна е замена на кровната конструкција на зграда како и на подовите во судските канцеларии.

- Поради недобивање на согласност за нови вработувања за одржување на целата зграда се грижи само еден хигиеничар, па за подобрување на хигиената неопходно е вработување на најмалку уште еден хигиеничар.

## 7. *ИЗВЕШТАЈ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ИЗВРШЕНИ И ПЛАНИРАНИ*

- Оглас бр. 06057/2020

Предмет на набавка: Електрична енергија од лиценциран снабдувач

Избран добавувач: Друштво за производство, трговија и услуги ЕНЕРЏИ АКТИВЕ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје Вредност на договорот: 187.619,54 денари без ДДВ

- Оглас бр. 06148/2020

Предмет на набавка: Канцелариски материјали и печатени обрасци

Дел 1 – Фотокопирна хартија и пликови

Избран добавувач: ДПТУ РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз Кочани

Вредност на договорот: 5.707,оо денари без ДДВ

Дел 2 – Печатени материјали

Избран добавувач - ДПТУ РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз Кочани

Вредност на договорот: 62.000,оо денари без ДДВ

Дел 3 - Канцелариски прибор

Избран добавувач - ДПТУ РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз Кочани

Вредност на договорот: 22.989,оо денари без ДДВ

- Оглас бр. 08009/2020

Предмет на набавка: масло за греење – екстра лесно 1 (ЕЛ-1)

Избран добавувач: Друштво за производство, промет и услуги СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

Вредност на договорот: 266.500,00 денари без ДДВ

- Оглас бр. 10030/2020

Предмет на набавка: Адаптација на серверска просторија

Избран добавувач: Друштво за проектирање,контрола и услуги ТЕХНОИНСПЕКТ ДОО Скопје

Вредност на договорот: 508.287,00 денари без ДДВ

- Оглас бр. 06149/2020

Предмет на набавка: Потрошен репроматеријал за принтери, фотокопир, телефакс и нивно сервисирање

Дел 1 – Тонери за фотокопир трговска марка SHARPИзбран добавувач: Друштво за промет и услуги КОНИ-КОПИ ДОО експорт-импорт Скопје
Вредност на договорот: 22.990,00 денари без ДДВ

Дел 2 – Тонери за принтери трговска марка HP

Избран добавувач - Трговско друштво за трговија и услуги ОКСА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје

Вредност на договорот: 48.248,оо денари без ДДВ

Дел 3 - Тонери за принтери и фотокопир, трговска марка Canon

Избран добавувач - Трговско друштво за трговија и услуги ОКСА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје

Вредност на договорот: 2.976,00 денари без ДДВ

Дел 4 - Тонери за принтери трговска марка XEROX

Избран добавувач - Друштво за производство,трговија и услуги РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз Кочани

Вредност на договорот: 26.000,00 денари без ДДВ

Дел 5 - Филм за телефакс, трговска марка Panasonic

Избран добавувач - Друштво за производство,трговија и услуги РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз Кочани

Вредност на договорот: 1.154,80 денари без ДДВ.

ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ, 22.02.2021 год.

Претседател на судот,
м-р Сузана Милевска